АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.04.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2144 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица

3. **Датум на извршување на надзорот:** 18 април 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали Трговското друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица и по одземањето на дозволата за телевизиско емитување, продолжило да емитува телевизиска програма, што е спротивно на член 62 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5. **Претходно изречена мерка:** нема.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека Трговското друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица и по приемот на Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-101 од 21.03.2017 година (примена од страна на Трговското друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица на 22.03.2017 година, за што во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта) продолжило да емитува телевизиска програма, што е спротивно на член 62 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. **Предлог-мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да го опомене Трговското друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица и да му укаже веднаш по приемот на опомената да престане со обезбедување телевизиско емитување без дозвола за телевизиско емитување, и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***